Врз основа на членот 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 15.12.2023 година, донесе

# ПРОГРАМА

## за сообраќај на општина Кочани за 2024 година

I.

Предлог програмата за сообраќај на Општина Кочани се темели на промоција, афирмација и имплементација на документи, проекти, мерки и активности за:

1. Подобрување на сообраќајната инфраструктура и регулација на сообраќајот,
2. Едукативно-образовни активности за зголемување и унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во општина Кочани, и
3. Технологии за планирање на урбаниот транспорт, директни мерки мобилност – субвенционирање.

1. Програмата во делот за подобрување на сообраќајната инфраструктура и регулација на сообраќајот предвидува реализација на тековни, но и поголем број значајни промени, надополнувања и новитети во сообраќајната инфраструктура на општинската патна мрежа која ќе одговори на современите потреби на жените/девојчињата и на мажите/момчињата во општина Кочани и тоа:

1.1. Изработка на сообраќајни проекти за зонско паркирање, траен и времен режим на сообраќајот во консултација со корисниците на услугите

1.2. Набавка и поставување вертикална сообраќајна сигнализација на новоизградени, реконструрани или постојни улици и патишта во општина Кочани, како: прометни знаци, патоказни плочи, конзоли и портали, променлива динамична сигнализација согласно идентификуваните потреби за поголема сигурност при движење.

1.3. Обезбедување на правен субјект за одржување на вертикална сигнализација, заштитни огради и сл.

1.4. Поставување на хоризонтална сигнализација, бележење на сите сообраќајни површини на кои постои потреба за дефинирање, поделба или канализирање на просторот согласно потребите на корисниците. Поставување на:

– надолжни ознаки: разделни, рабни линии, линии водилки и сл.

– попречни ознаки: линии за запирање, пешачки премини, велосипедски патеки, косници, граничници итн.

– останати ознаки: стрелки, натписи, полиња и линии за насочување, ознаки за паркирање итн.

Хоризонтална сигнализација за привремена (краткотрајна) и постојана (долготрајна) потреба, обична или без светлоодбојност и светлоодбојна, со мануелна, полуавтоматска или автоматска постапка и изведба на: валање, прскање, размачкување, изливање, бризгање, втиснување, лепење итн. А во зависност од видот на материјалот без триење, со нормален коефициент на триење или со висок коефициент на триење.

1.5. Сет на поставување нова сообраќајна инфраструктура, воведување начини и мерки за зголемување на безбедноста во сообраќајот и заштита на патиштата и улиците во општина Кочани:

1.5.1. Поставување пешачки премини со издигнати платформи

1.5.2. Поставување соларни маркери на пешачки премини

1.5.3. Поставување известувачки дигитални радари за брзина на движење

1.5.4. Уредување на сообраќајот со утврдување на техничко уредување преку воспоставување на електронски систем за видеонадзор во централно градско подрачје

1.5.5. Уредување на сообраќајот со организација за отстранување на дотраени, оштетени и напуштени возила

1.5.6. Утврдување на начин и постапка за поставување и одржување на телефонски, телеграфски и други кабловски водови, нисконапонски електрични водови, односно водови за напојување, канализација, водоводи, топловоди и други слични уреди на општинските патишта и улици врз основа на утврдени приоритети според потребите на жените и мажите во општината.

1.5.7. Утврдување на начин и постапка за поставување и одржување натписи, рекламни објекти и рекламни табли во заштитниот појас на државните патишта, за поставување на инсталации во заштитниот појас, за поставување заштитни огради и заштитни столпчиња покрај државните патишта

1.5.8. Утврдување на начин и постапка за регулирање на прекумерно користење на пат

1.5.9. Утврдување на начин и постапка за на вонреден превоз, односно регулирање на користење на пат со возило кое празно или заедно со товарот ги надминува пропишаните услови во поглед на димензиите, вкупната тежина и оскиниот притисок

1.5.10. Изработка на сообраќајни анализи, студии и програми за соодветна реализација и промена на режим на сообраќај, намалување на застој и зголемување на проток на сообраќајот, зголемување на безбедноста во сообраќајот на патиштата и улиците во општина Кочани согласно утврдените приоритети според потребите на жените и на мажите.

2. Програмата во делот едукативно-образовни активности со цел зголемување и унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во општина Кочани предвидува реализација во две насоки и тоа:

2.1. Зајакнување на соработката и поддршка на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Кочани – ОСБСП Кочани која е во согласност со целите и задачите предвидени со Национална стратегија на Република Македонија за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата. Учество во реализација на Програмата за работа на ОСБСП – Кочани која предвидува голем број значајни проекти и активности во согласност со проектите и активностите на РСБСП и тоа: активности за промоција, афирмација и имплементација на активности за унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата, активности од едукативно-образовен карактер, организирање стручни советувања и предавања, активности за подигање на јавната свест за правилно и одговорно однесување во сообраќајот, активности за продолжување и засилување на успешната соработка со останатите партнери и институции кои имаат за цел подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата и реализација на конкретни мерки и собирање на податоци разделени по пол во однос на прекршителите на безбедноста во сообраќајот.

2.2. Обележување на европската недела на мобилност и вклучување во национални и меѓународни проекти, кампањи и активности за подигнување на безбедноста во сообраќајот и соработка со сите релевантни институции во општината, невладините организации, здруженијата, медиумите и други субјекти. Вклучување и поддршка во борба за почитување на сообраќајните правила и прописи на учесниците во сообраќајот, учество на технички исправни машина во сообраќајот, загрозувањето на животот на жените/девојчињата и мажите/момчињата како учесници во сообраќајот при употребата на алкохолот и дрогата, мобилни телефони, смартфонии, аиподи при управување на моторно возило.

3. Програма технологии за планирање на урбаниот транспорт, директни мерки мобилност – субвенционирање. Субвенционирање е со цел да се развие дијалог помеѓу сите засегнати страни за различни аспекти на движење (мобилност), да се предлагаат и тестираат иновативни сообраќајни решенија, нови технологии или мерки за планирање на урбаниот транспорт кој ќе одговори на потребите за мобилност на жените/девојчињата и на мажите/момчињата. Намалување на сообраќајниот метеж преку намалена употреба на автомобили, а со тоа редукција на емисиите на штетни гасови во воздухот, обезбедување на сообраќајни, еколошки и економски бенефити. Со промоција на одржливата мобилност и подобрувањата направени во патната и урбана општинска инфраструктура како новоизградени велосипедски и пешачки патеки, подобрувања во јавниот превоз, сеопфатно унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во општина Кочани.

3.1. Субвенционирање на општински линиски превоз

3.2. Субвенционирање на велосипеди за одржлив урбан транспорт

3.3. Промоција и поддршка на иновативни предлози, мерки, акции, решенија и сл.предизвици кои ќе ги предизвикуваат, мотивираат а зошто да не ги и наградуваат граѓаните во промена на своите секојдневни навики од користење моторни возила. Различни модели, начини или можности за пешачење, возење велосипед или користење на средства кои не ја загадуваат животната средина, го намалуваат загадувањето и емисиите на CO2.

| Ред. број | Активности | Период на реализација | Финансии |
|---|---|---|---|
| **1.** | Програма за подобрување на сообраќајната инфраструктура и регулација на сообраќајот на општинската патна мрежа во општина Кочани | | |
| .1. | Изработка на сообраќајни проекти за зонско паркирање, траен и времен режим на сообраќајот | Објава јули 2024<br>Планирани финансии во Програма за улици и патишта | 300 000 |
| 1.2. | Набавка и поставување на вертикална сообраќајна сигнализација на ново изградени, реконструрани или постојни улици и патишта во општина Кочани, како: прометни знаци, патоказни плочи, конзоли и портали, променлива динамична сигнализација | Објава јануари 2024<br>Планирани финансии во Програма за улици и патишта | 300 000 |
| 1.3. | Обезбедување на правен субјект за одржување на вертикална сигнализација, заштитни огради и сл. | Објава јануари 2024<br>Планирани финансии во Програма за тековно и зимско одржување на улици и патишта | 100 000 |
| 1.4. | Поставување на хоринзонтална сигнализација | Објава јули 2024<br>Планирани финансии во Програма за улици и патишта | 700 000 |
| 1.5. | Поставување нова сообраќајна инфраструктура, воведување начини и мерки за зголемување на безбедноста во сообраќајот на патиштата и улиците во општина Кочани | Февруари 2024<br>Планирани финансии за ревитализација на патните премини „Ветеринарна станица“ Кочани и „Основен суд“ Кочани на железничка пруга Велес- Кочани | 800 000 |
| | | ВКУПНО | 2 200 000 |
| **2.** | Програмата за едукативно- образовни активности со цел зголемување и унапредување на безбедноста на сообраќајот на патиштата во општина Кочани | | |
| 2.1. | Соработката и поддршка на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на | Тековни месечни активности 2024 по Програма на ОСБП | 150 000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | сообраќајот на патиштата Кочани-ОСБСП Кочани | Планирани финансии во Програма за општинска администрација | |
| 2.2. | Одбележување на европската недела на мобилност и вклучување во национални и меѓународни проекти, кампањи и активности за подигнување на безбедноста во сообраќајот | Тековни месечни активности 2024<br>Планирани финансии во Програма за општинска администрација | 150 000 |
| | | ВКУПНО | 300 000 |
| **3.** | Програма технологии за планирање на урбаниот транспорт, директни мерки за мобилност - субвенционирање | | |
| 3.1. | Субвенционирање на општински линиски превоз | Објава јануари 2024<br>Јавен транспорт (Ј5) | 700 000 |
| 3.2. | Субвенционирање на велосипеди за одржлив урбан транспорт | Објава март 2024<br>Планирани финансии во Програма за заштита на животна средина (R1) | 350 000 |
| | | ВКУПНО | 1 050 000 |
| | Програма 1+2+3 | | |
| | | ВКУПНО | 3 550 000 |

II.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-2228/1
15.12.2023 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Лазо Митев